Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 9-та седница, одржана на 04.12.2009 година.
2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4129/20**
**07.12.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на Законот за градежно земјиште член 45,46,47 и 48 ("Службен весник на РМ" бр.82/08) и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 80/01и Правилникот за дополнување на степенот на уреденост ("Сл.весник на РМ" бр.68/02) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 04.12 .2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2010 година**

**ВОВЕД:**

Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2010 година во основа ги конкретизира задачите кои во изминатиот период не се завршени, оние за кои се превземени почетни активности во текот на 2009 година, а ќе бидат реализирани во наредниот период и се неопходни за реализација на урбанистичкиот план на град Крива Паланка како и за реализација на урбанистичка документација за населено место и општите акти усвоени за населените места (за населените места за кои имаме усвоено општи акти ) и активности кои имаат итен и неодложен карактер.

Имајќи ги во предвид просечно финансиските средства со кои што располагаше Општината во изминатите години, а поготово финансиските средства добиени од државните министерства и фондови во изминатата 2009 година кои се минимални за град како Крива Паланка, тоа наведува во наредната година Општината треба да обезбеди поголеми финансиски средства за да може да се реализира програмата за 2010 година.

Програмите кои што беа усвојувани во изминатите години беа нереални и несразмерни со финансиските средства со кои располагаше Општината што условува минимално реализирање на Програмата. Подготвувањето и опремувањето на градежното земјиштето со комунални објекти и инсталации ќе се врши во рамките на расположивите средства, сообразно техничките услови и можности. Притоа ќе се води сметка да се обезбеди нормално функционирање на изградените објекти, а целосно уредување ќе се врши подоцна кога за тоа ќе се создадат материјални и технички услови. Ова е поради тоа што надоместокот за уредување на градежното земјиште во претходниот период не обезбедуваше покривање на реалните трошоци за уредувањето на градежното земјиште затоа што конфигурацијата и релјефот на која што е распространет градот Крива Паланка условува многу повисока цена на изградба на било кој од комунални инфраструктурни објекти. Имајќи ја во предвид економската и финансиската моќ на населението од град Крива Паланка која се нема променето во последните 10 -15 години, туку напротив истата се има драстично влошено нема услови за зголемување на висината на сретствата за уредување на градежно земјиште. Ако кон ова се има во предвид дека и проблемот со Деталниот урбанистички план за десната страна од градот не е решен односно не се вршени измени на ДУП и затоа неможат да се легализират голем број на бесправни градби во овој дел на градот со што би се убрале значителни сретства за уредување на градежното земјиште, кои ќе се искористат за решавање на некои од комуналните проблеми.

Програмата за 2010 година ќе ги опфати следните активности:

1. Просторот кој е предмет на уредување.
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.
3. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната комунална инфраструктура.
4. Извори на финансирање на Програмата.
5. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште.
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба.
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата.
8. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на техничка документација за градење на инфраструктурни објекти.
9. Динамика на извршување на програмата.
10. Објекти на инфраструктурата од јавен интерес на Републиката со оцена на нивното влијание врз животната средина и природата.

## *1. ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ*

Градење на објект се врши на уредено градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со Генерален и Детален урбанистички план го вршат Општините.

Уредување на градежно земјиште утврдено со урбанистичка документација за населено место и со општите акти што ги заменуваат плановите врши Општината.

Доколку Општината не го уредува земјиштето, истото го врши инвеститорот на сопствен трошок за што инвеститорот не го плаќа целиот надоместок за уредување на градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши врз основа на оваа Програма.

Експропријација на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, на земјиште, згради, други објекти (недвижности) и растенија заради изградба на објекти од комуналната инфраструктура предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште се врши во корист на државата, а на трошок на Општината, се до донесување на поинаква законска регулатива.

Под уредување на градежно земјиште се подразбира изгрдаба на објекти одкомуналната инфраструктура поради:

-Обезбедување непречен пристап до градежната парцела од јавен пат,

- Обезбедување на приклучок на водоводна мрежа

-Обезбедување на приклучок во канализација (фекална и атмосферска),

-Обезбедување приклучок на електрична, и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела,

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно.

Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од границата на урбаниот опфат на населено место, како и во случаите кога уредувањето не е предвидено со Програмата го врши инваститорот на сопствен трошок.

**2. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

**I** Подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште се сметаат следните работи:

1. Изготвување на Генерален урбанистички план,
2. Изготвување на Детален урбанистички план,
3. Оформување на техничка документација на ниво на Основен проект,
4. Извршување на основни геомеханички испитувања,
5. Решавање на имотно-правните односи со поранешните сопственици.

**II**. Расчистување на градежно земјиште ќе се врши за:

- Основна инфраструктура, основни градски сообраќајници и објекти ,водоводна, канализациона и електрична мрежа.

**III** .Опремување на градежното земјиште

Под опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации од колективно и индивидуално значење надвор од локацијата ќе се сметаат следните работи:

**-** Проектирање и изградба на улици надвор од локации, односно приспособување на постојниот пристапен пат и обезбедување пешачки пристап до објектот;

**-** Кога се решава пристап само за една индивидуална станбена зграда, сопственикот сам гради, а добива само помош;

**-**Проектирање и изведба на водоводна мрежа 30 м до местото на приклучување.

**-** Проектирање и изведба на фекална канализација 30 м до местото на приклучување.

**-** Проектирање и изведба на ниско напонска електрична мрежа 30м до објектот.

**IV**.Трошоците за дворно уредување, потпорни и обложни зидови, пристапни патеки, дворни зеленила, приклучни и други видови такси се на терет на инвеститорот.

**V.** Трошоци за изградба на објекти кои се од заеднички интерес на Општината и инвеститорот, го заштитува индивидуалниот станбен објект а се во

делот на изградбата на основната комунална инфраструктура улици, патишта, водовод, канализација и друго ќе бидат градени во соднос **50:50.**

За населените места за кои има усвоено општи акти изградба на основна комунална ифраструктура подразбира,

- Изградба и одржување на патна мржа,
- Изградба и одржување на улици и пешачки пристапи,
- Изградба и одржување на водоводна мрежа,
- И зградба и одржување на канализациона мрежа,
- Изградба и одржување на улично осветлување,

**VI**.Превземените обврски во уредувањето на градежното земјиште се до донесување на оваа Програма ќе се извршуваат според Програмата за уредување на градежно земјиште за претходната година,односно според договорените обврски, а ќе се финансираат од средствата на оваа Програма.

**3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДРАНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура со задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потреба до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде **основен, повисок или понизок од основниот.**

**Основен** степен на уреденост претставува опременост на земјиштето со непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, електрична мрежа , водоводна мрежа и канализациона мрежа.

**Повисок** степен на опременост на земјиштето е дополнителна опременост на земјиштето со еден од останатите објекти на комуналната инфраструктура ( асфалтен пат, тротоари ,паркинг простор и др.).

**Понизок** степен на опременос на градежното земјиште е доколку земјиштето е опремено со помалку објекти од комуналната инфраструктура од Основниот.

Степенувањето на уреденоста на градежното земјиште до границите на градежната парцела се врши според изграденоста на следните објекти од комуналната инфраструктура:

- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат.
- Изградба на електрична мрежа.
- Изградба на водоводна мрежа.
- Изградба на фекална канализација.

Во 2009 година уредување ќе се врши според оваа Програма, а ќе бидат третирани повеќе локалитети во градот.

**I.Изработка на урбанистички планови и друга урб. документација**

Истата ќе се работи врз основа на посебна програма донесена од страна на Советот.

Согласно законските одредби, за изработката на Генералните и Деталните урбанистички планови, инвеститор е Општината.

Посебна програма за изработка на ДУП ќе биде поднесена пред Советот на Општина Крива Паланка, а ќе биде изработена од Оделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

**II. Изработка на техничка документација**

А. **Техничка документација за канализација:**

1. Изведбен проект за фекална прочистителна станица;
2. Проект за канализација улица "8-ми Октомври" и "Маневци";

3. Проект за канализација населба "Мождивњак":
4. Проект за канализација населба "Грамаѓе";
5. Проект за канализација за село Конопница.
6. Проект за канализација за Бегови Бавчи.
7. Проект за канализација за село Жидилово.
8. Проект за канализација за село Узем.
9. Проект за канализација за село Градец (Крстата Падина).

**Б. Техничка документација за водоснабдување:**

1. Проект за водовод за нселба "Мезовски ливади" и "Крстата Падина";
2. Изработка на техничка документација за изградба на брана на селска река во село Конопница.
3. Проект за водоснабдување на нас.Пашина воденица
4. Проект за водоснабдување на населба Самоков с. Трново
5. Проект за изградба на брана на Станечка Река
6. Проект за изградба на брана на Киселичка Река

**В. Техничка документација за улици:**

1. Изведбен проект за ул. "Ацо Шопов".
2. Изведбен проект за ул. "Свирчев Дол";
3. Изведбен проект за улица „Пере Тошев“;
4. Изведбен проект за улица „Глигор Прличев“;
5. Проект за уредување на централно градско подрачје
6. Проект за улица „Никола Тесла“;
7. Техничка документација ул.„Гоце Делчев“.
8. Изработка на проектна документација за улици на Дурачка река од Домот на култура до Маневски мост (лева страна).

**Г. Техничка документација за атмосферска канализација**

1. Проект за атмосферска канализација ул. Пиринска,Маршал Тито (улицата кон Ловачки Дом)
2. Проект за атмосферска канализација ул. Партизанска и 8-ми Септември
3. Проект за атмосферска канализација ул. Гоце Делчев
4. Проект за атмосферска канализација ул. Единство
5. Проект за атмосферска канализација ул. Партизанска и 8-ми Септември
6. Проект за атмосверска канализација за населба Бегови Бавчи

**Д. Изработка на техничка документација за регулација на Реки**

**1.** Изработка на главен проект за регулација на Дурачка река (од Домот на култура до Маневски мост).

**Ѓ. Техничка документација за брани**

1. Изработка на техничка документација за изградба на брана на селска река во село Конопница.
2. Проект за изградба на брана на Станечка Река
3. Проект за изградба на брана на Киселичка Река

**Е. Физибилити студија за развој на спортско рекреативен центар Калин Камен**

**III. Улици на кои ќе има градежни активности**

**А. Асфалтирање на улици:**

1. Асвалтирање на дел од ул.„Гоце Делчев“ – крак од трафостаница до спој со ул. „Осоговска“;
2. Асвалтирање на ул. "Никола Тесла" горен крак;

3.Замена на базалтните коцки со асвалт на Ул. „Маршал Тито“ од стара чаршија до зградата на поранешна „Малина “
4. Наградба на ул. „Партизанска“од Осички мост до домачки Дол
5. Крпење на ударните дупки на сите оштетени улици во гардот
6. Асвалтирање на Ул. „Пере Тошев“ нас. Бегова Бавча;
7. Асвалтирање на улици „Климент Охридски“ од спој со Ул.„Маршал Тито“до ул.„29-ти Ноември“ и Улица „Вера Јоциќ“;
8. Асвалтирање на Ул. „Ристена Гоговска “ - спој со ул.Македонска
9. Изградба на локален пат од Маала Деловодци до Црква во с.Конопница.
10.Асвалтирање на ул. Никола Карев
11. Реконструкција на ул. Пиринска;
12. Асвалтирање или крпење на дупки на ул„Димитар Влахов“;
13. Асвалтирање или крпење на дупки на ул. „4-ти Јули“;
14. Асвалтирање на дел од ул. „Единство“;
15. Асвалтирање или крпење на дупки на ул.„Чупино Брдо“;
16. Асвалатирање или крпење на дупки на ул.„Ацо Шопов“;
17. Асвалтирање на ул. „Наско Тамбурков“ крак 2 изнад медицински центар.

**Б. Поплочување на улици со базалтни коцки и камени плочи.**

1. Улица „Моша Пијаде“ – спротивска маала
2. Крак од улица "Гоце Делчев";
3. Крак од улица „Иво Рибар Лола“;
4. Доизградба на Улица покрај Домачки дол со гранитни коцки ,
5. Улица Григор Прличев,
6. Поплочување на крак од Ул.„Климент Охридски„према с.Мартиница со тампонирање Л = 150 метра
7. Поплочување на кракови од ул„Партизанска“
8. Поплочување на дел од Ул.„Клилмент Охридски“
9. Поплочување на Ул. „29-ти Ноември“
10.Поплочување на дел од ул. „Борис Кидрич“.

**В. Тампонирање на улици:**

1. Улици во Цонев Рид
2. Улица Македонска продолжување од завршеток на асвалт до долот во нас. Баглак-3
3. Улица 8-ми Септември горен крак
4. Улица „Вера Јоциќ“
5. Пробивање на улици и делови од улици во град Крива Паланка ул.„Панче Пешев и др.

**Г. Други активности на улици:**

1. Чистење на шахти и сливници од земја и наноси,
2. Метење и миење на улици и тротоари,
3.Опремување на улиците со вертикална и хоризонтална сигнализација.
4. Обележување на улиците, такси станиците и автобуските постојки со хоризонтална сообраќајна сигнализација
5. Изградба на детски забавни игралишта.

**Д. Изградба на пристапни патеки во Општина Крива Паланлка**

**IV. Изградба и реконструкција на потпорни стени - зидови**

1. Улица "Наско Тамбурков" 2( двекампади);
2. Улица"Баглачка";
3. Улица „ 4 ти Јули “;
4. Улица „ Никола Карев“;

5. Улица Калин Камен;
6. Улица 8 ми Октомври;спореден крак
7. На подрачјето меѓу маала Деловодци и Стамболиици.
8. Улица „8-ми Октомври“
9. Улица „Наско Тамбурков“
10. Доизградба на потпорен ѕид врска ул. „Македонска “и ул. „Херој Карпош“

**V.Изградба на водоводна мрежа**

-Изградба на водоводна мрежа за висока зона лев брег.
- Изградба на водовод за висока зона нас.Лозаново
- Изградба на водоводен систем во с. Дрење
- Изградба на водовод во с. Луке за маалите Просарци, Мачорци и Камењарци
- Изградба и реконструкција на водовод во с. Кркља
- Замена на азбестно цементните водоводни цевки во градот (приоритет)

**VI. Изградба на канализациона мрежа**

1. Доизградба на главен колетор и спојување на десен со лев колетор до локалитет на пречистителна станица за фекални води
2. Продолжување на канализациона мрежа во населба "Белево" и "Мечковска маала".
3. Продолжување на канализација на Улица „Осоговска“; Л= 50,00 м
4. Изградба на канализациона мрежа во село Конопница сливно подрачје на Селска река, секундарна мрежа
5. Изградба на канализациона мрежа во Бојанов Дол
6. Канализација - доизградба во Мезовски ливади
7. Изградба на канализација во мала Трнци – село Конопница
8. Изградба на канализациона мрежа во с. Мождивњак (главна мрежа)

**VII. Чистење и одржување на регулирани водотеци**

- Чистење и одржување на регулирани водотеци.

**VIII. Други градежни активности**

1. Поставување на пропусти ("Климент Охридски," населба "Скрљава" и улица "Гоце Делчев"; .
2. Изградба на скали на ул. "Никола Тесла";
3. Одводнување на ул. "Херој Карпош"помеѓу " Трештен Дол" и "Куков Дол;
4. Изградба на заштитна ограда на дел од Ул.„Моша Пијаде“-спрот.маала.

**IX. Изградба на регулација, порои и буици**

1. Мини дол – населба „Белево“
2. Скрљавски дол
3. Куков дол
4. Спортивска маала од Ристена Гогова до М2

**X. Спроведување на експропријација**

Експропријација на земјиште ќе се врши само за реализација на ДУП и тоа на следните улици и локалитети:

1. Делови на улици на кои ќе има градежни активности, а досега не се целосно експроприрани.
2. Експропријација на имот за пробивање на улица „Пере Тошев“од "Куков Дол"кон населбата "Бегови Бавчи" (позади новата бензинска пумпа).
3. Експрпопријација на земјиште за изградба на улица во Трештен Дол.
4. Експропријација на Ул. „Гоце Делчев“
5. Експропријација на Улица покрај Домачки дол
6. Експропријација на Ул. „Климент Охридски“.

XI. Изградба на тениски игралишта бр. 2 и детски забавни игралишта

**XII.** Започнатите инфраструктурни објекти да имаат приоритет за нивно доврршување во текот на 2010 година.

**4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

**I. ПРИХОДИ**

1.Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии) од граѓани од други физички и правни лица......................................................................... 3.000.000,00

2. Средства од тековни трансвери од други нивоа на власт...6.000.000,00

3. Средства од трансверите од буџетите на фондовите .............. 7.200.000,00

4.Средства од донации на Амбасади на европски држави........... 3.900.000,00

5.Средства од Министерствата на РМ ....................... 8.700.000,00

6. Средства од ЕАР……………………………………….......... 4.110.000,00

7. Средства од Агенцијата за млади и спорт -одобрени Средства ……………………………………………………….5.000.000,00

8. Средства од Агенцијата за млади и спорт во о;екување…4.000.000,00

9. Средства од буџет на општина Крива Паланка ............ 300.000,00

**Вкупно = 42.210.000 ,00 денари**

**5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

**I-ва екстра зона која ги опфаќа:**

- Ул. "Маршал Тито" од Соларски мост - до мост на Нимулија кај стара Автобуска станица.

**II-ра зона која ги опфаќа следните улици:**

- Ул. "Маршал Тито" нов крак, од Осички мост до Соларски мост и од долот Нимулија до долот во нас. Единство
- Просторот кај стар зелен пазар

**III-та зона која ги опфаќа следните улици:**

Ул."Маршал Тито" од долот во населба „Единство“до Кланица, вклучвајки го и просторот помеѓу ул.„Маршал Тито“ и КриваРека од стара автобуска станица до Касарна.

**IV-та зона која ги опфаќа следните улици:**

- Ул. "8-ми Октомври"
- Ул. "Партизанска";
- Ул. "Моша Пијаде" асфалтиран дел;
- Ул. "Никола Тесла" без новиот крак;
- Ул. "Илинденска", без просторот кај стар зелен пазар
- Ул. "3-та Македонска Ударна Бригада";
- Ул. "Јане Сандански;
- Ул. "Херој Карпош"
- Ул. "Македонска";
- Ул. "Гоце Делчев" - асфалтиран дел;
- Ул. "17-та Македонска Ударна Бригада";
- Ул. "Д-р. Наско Тамбурков";
- Ул. "Димитар Арсов";
- Ул. "Чупино Брдо";
- Нас."Горни Бавчалк";
- Ул. "Баглачка" асфалтиран дел;
- Ул. "Борис Кидрич";
- Ул. „Орце Николов";
- Ул. "Иво Рибар Лола";

- Ул. "Ѓорче Петров";
- Ул. "Ратко Минев" асвалтиран дел;
- Ул. "Јоаким Крчовски:
- Ул. "Прохор Пчински"
- Ул „ 11ти Октомври “
- Ул„ Пиринска “ асвалтиран дел
- Сите други асваслтирани улици

**V- та зона која ги опфаќа следните улици:**

- Ул. "Никола Тесла" - нов крак
- Ул. "Баглачка" неасфалтиран дел;
- Ул. "Гоце Делчев" - неасвалтиран дел;
- Ул. " 4-ти Јули";
- Нас. "Бегови Бавчи";
- Нас. "Кошари";
- Ул. "Моша Пијаде" од асфалтиран дел до ул. "Херој Карпош";
- Ул. "Херој Карпош" од мостот до ул. "Моша Пијаде";
- Останатите улици во населба "Баглак";
- Нас. "Трештен Дол";
- Нас. "Скрљава";
- Нас. "Цонев Рид";
- Ул. "Коце Металец";
- Населба "Грамаѓе";
- Населба "Лозаново";
- Улица "Единство"; и
- Сите други неасфалтирани улици;
- Мезовски ливади кај нов мост катастарска општина Крива Паланка

Во текот на 2010 година ќе се уредува градежно земјиште на локалитетите каде што е делумно уредено градежното земјиште според оваа Програма ќе изнесува:

**I-ва Екстра зона**.................................................. 3.000,00 ден/м2

**II-ра зона**............................................................ 2.500,00 ден/м2

**III-та зона и тоа:**

**А Припремни работи**

-геомеханички работи.................................................. 30,00 ден/м2
- геодетски работи........................................................ 40,00 "
- имотно-правни работи................................................ 440,00 "
- пробивање на сообраќајници..................................... 230,00 "
- изработка на техничка документација...................... 50,00 "

**Б. Трошоци за определување на градежно земјиште**

- изработка на сообраќајници и паркинзи(без асфалт)..... 550,00 "
- изработка на водоводна инсталација.......................... 40,00 "
- изработка на електрична инсталација........................ 40,00 "
- изработка на канализациона мрежа........................... 300,00

**В. Останати трошоци**

- надзор, ревизија, банкарски трошоци........................ 30,00 "

**Вкупно: 1.750,00 ден.**

**IV-та зона**

**А.Припремни работи**

- геомеханички работи............................................................ 30,00 ден/м2
- геодетски работи................................................................... 40,00 "
- имотно-правни работи.......................................................... 430,00 "
- пробивање на сообраќајници................................................ 230,00 "
- изработка на техничка документација................................ 40,00 "

**Б.Трошоци за определување на градежно земјиште**

- изработка на сообраќајници и паркинзи без асфалт ....... 530,00 "
- изработка на водоводна инсталација................................. 40,00 "
- Изработка на електрична инсталација............................... 40,00 "
- изработка на канализациона мрежа.................................... 180,00 "

**В. Останати трошоци**

- надзор, ревизија, банкарски трошоци................................. 30,00 "

**Вкупно: 1.400,00** "

**V-та зона**

**А. Припремни работи**

- геомеханички работи............................................................ 30,00 ден/м2
- геодетски работи................................................................... 40,00 "
- трошоци за имотно-правни работи..................................... 200,00 "
- пробивање на сообраќаници................................................. 230,00 "
- изработка на техничка документација............................... 30,00 "

**Б. Трошоци за опремување на градежно земјиште**

- изработка на сообраќајници и паркинзи без асфалт...... 280,00 "
- изработка на водоводна инсталација................................. 30,00 "
- изработка на електрична инсталација............................... 30,00 "
- изработка на канализациона мрежа.................................... 160,00 "

**В. Останати трошоци**

- надзор, ревизија, банкарски трошоци, такси и др............ 20,00 "

**Вкупно: 1.050,00** "

Висината на средствата за комунално уредување на колективна станбена зграда и семејни куќи према определените зони во градот Крива Паланка ќе изнесува:

I-ва зона...................................................................... 3.000,00 ден/м2
II-ра зона..................................................................... 2.500,00 ,,
III-та зона..................................................................... 1.750,00 "
IV-та зона.................................................................... 1.400,00 "
V-та зона..................................................................... 1.050,00 "

Висината на средствата за комунално уредување за изградба на деловен простор према одредените зони во градот Крива Паланка ќе изнесува:

I-ва зона...................................................................... 4.000,00 ден/м2
II-ра зона..................................................................... 3.000,00 "
III-та зона..................................................................... 2.000,00 "
IV-та зона.................................................................... 1.700,00 "
V-та зона ..................................................................... 1.500,00 "

Висината на средствата за комунално уредување за изградба на производни објекти во индустриска зона во градот Крива Паланка ќе изнесува:

**А. 1-ва зона**

| | |
|---|---|
| 1. За индустриски производни објекти до 50 м2...... | 1.300,00 ден |
| 2. За индустриски производни објекти до 100 м2. | 1.200,00 ден |
| 3. За индустриски производни објекти над 100 м2 | 950,00 ден |

**Б. 2-ра зона**

| | |
|---|---|
| 1. За индустриски производни објекти до 50 м2...... | 1.000,00 ден |
| 2. За инду стриски производни објекти до 100 м2. | 900,00 ден |
| 3. За индустриски производни објекти над 100 м2 | 800,00 ден |

**В. 3-та зона**

| | |
|---|---|
| 1. За индустриски производни објекти до 50 м2...... | 700,00 ден |
| 2. За инду стриски производни објекти до 100 м2. | 600,00 ден |
| 3. За индустриски производни објекти над 100 м2 | 500,00 ден |

**1. За објекти за продавање на нафта и нафтенени деривати по м2.............................................................. 9.000,00 ден.**

**Во прва зона за производни објекти спаѓаат улиците наведени во прва и втора зона од уредувањето на градежното земјиште за станбен простор.**

**Во втора зона спаѓаат улиците наведени во трета и четврта зона за станбен простор.**

**Во трета зона спаѓаат улиците наведени во пета зона за станбен простор.**

Висината на средствата за приклучок во канализациона мрежа ќе изнесува 7.500,00 ден. За колективни станбени згради за еден стан и за семејна куќа а ќе се користат согласно Одлуката за надоместок за приклучок во канализационата мрежа.

Висината на средствата за времен приклучок на водоводната мрежа ќе изнесува 10.000,00 денари за неизградено градежно земјиште или по добивање на Одобрение за припремни градежни работи и истите средства ќе се прифатат како дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште во зоната во која се наоѓа локацијата за градба на објектот по оваа Програма.

**6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕНА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА**

**1. Станбени објекти**

**- инвеститорот кој ќе гради нов објект** во градското подрачје и тоа на локација на која целосно го руши постојниот стар објект за кој објект инвеститорот поседува одобрение за градба од иста намена инвеститорот ќе биде ослободен од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за површина колку што изнесувала површината на срушениот објект, а за новодобиената површина ќе плати 100% од висината на надоместокот утврдена по Програмата за уредување на градежно земјиште.

**- за сите видови на пренамена** инвеститорот ќе ја плаќа разликата од цената утврдена по м2 нето површина за корисен простор за просторот кој што се добива и за видот на пренамената;

- **за подрумски простории**, помошни простории, остава за гориво, котлара, трафостаница во објект инвеститорот ќе плаќа средства за уредување на градежно земјиште во висина од 30 % од надоместокот утврден со оваа Програма;

- **за сутеренски простор** во објектот ќе се наплаќа 75% од утврдениот износ на надоместокот за комунално уредување;

- **за поткровје** инвеститорот ќе плаќа средства за уредување на градежно земјиште во висина од 10% од надоместокот утврден по оваа Програма, доколку надзидокот на надворешните зидови има висина до 1,5 м., а висината на просториите да изнесува до 2,5 м., а за просториите со висина над 2,5 м. инвеститорот ќе плаќа надоместок во висина од 100% од надоместокот утврден по оваа Програма.

- **за доградбана објекти** надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 100% од погоре утврдените износи по м2 по нето површина;

- **за надградба** на постојните објекти надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 100% од погоре утврдените износи по м2 по нето површина;

- **за гаражи** кои се во склоп на станбениот објект инвеститорите ќе плаќаат средства во висина од 10% од утврдениот надоместок со ова Програма;

**- за гаражи кои не се** во склоп на станбениот објект инвеститорите ќе плаќаат средства во висина од 30% од утврдениот надоместок со оваа Програма;

- **за балкони -** во објектот инвеститорот ќе плаќа средства во висина од 20% по м2 од утврдениот надоместок од оваа Програма;

- **тераси -** за отворени тераси не се плаќа надоместок за уредување по Правилникот бр. 80/01.

**- за логии** во објектот инвеститорот ќе плаќа средства во висина од 20% по м2 од утврдениот надоместок од оваа Програма;

- **за станбен простор**: соби, кујни, трпезарии,,салон,шпајзови,ходници, санитарни чворови и сл. ќе се наплатува 100%;

- **за изградени семејни куќи** за кои инвеститорот го уредил основниот степен на градежното земјиште и висината на надоместок за уредување на градежно земјиште ќе изнесува 30% од утврдениот надоместок во зоната во која се наоѓа локалитетот по оваа Програма.

**- за индивидуални станбени објекти** за кои инвеститорот има уплатено средтва за уредување на градежно земјиште за целокупната градежна парцела, а објектот е во склоп на потврдената значка инвеститорот нема да плаќа средства за уредување на градежно земјиште, а доколку се потребни дополнителни вложувања за изградба на комуналната инфраструктура ја плаќа пресметаната вредност по Програмата за тие комунални инфраструктурни објекти.

**2. Деловни јавни и производни објекти**

**- за корисен деловен простор** инвеститорот ќе плаќа средства за уредување на градежно земјиште 100 % од надоместокот утврден од оваа Програма.;

- за корисен деловен простор во поткровје инвеститорот ќе плаќа 100% од надоместокот утврден со оваа Програма.

**- за магацини, простории во визба** инвеститорот ќе плаќа во висина од 40 % од надоместокот утврден со оваа Програма;

-**за гаражи** кои се во склоп на деловниот т.е. производниот објект инвеститорите ќе плаќаат средства за уредување во висина од 10% од утврдениот надоместок со ова Програма;

**3. Други објекти**

**- за катна гаража** инвеститорот ќе плаќа средства за уредување на градежно земјиште во висина од 20 % од надоместокот утврден со оваа Програма.

**- за спортски покриени објекти** инвеститорот ќе плаќа средства за уредување на градежно земјиште во висина од 50 % од надоместокот утврден по оваа Програма.

**- за отворени пазаришта** инвеститорот ќе плаќа средства за уредување на градежно земјиште 20% од изградената површина.

Дефинирање на поедини нивоа во објектот без оглед за која намена ќе се користат.

а) ПОДРУМ: е етаж кој најмалку 2/3 од висината е вкопан во земја. СУТЕРЕН: е етаж кој најмногу 2/3 од висината е над површината на земјата. ВИСОКО ПРИЗЕМЈЕ: е етаж над сутерен

г) КАТ: е етаж над приземје или високо приземје.

д) ПОТКРОВЈЕ: е ниво на зградата, кое е во целина или делумно изградено внатре во кровната конструкција, чиј надзидок на калканските зидови може да биде со висина од 1,5 м и со висина на просториите до 2,50 м.

ѓ) СКАЛИ: се вертикална комуникација во објектот, и за истите не се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште по Правилникот бр. 80/01.

Во колку инвеститорот изгради поголема нето површина од онаа по заверен основен проект од Одделението за урбанизам , инвеститорот е должен да ја плати дополнително утврдената разлика на корисен станбен и деловен лпростор по цена што ќе важи на денот на пријавување, односно на денот на откривање на вишокот од надлежен Органот.

**7. ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ЗА КОИ ИМА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И УСВОЕНО ОПШТИ АКТИ**

Одредбите од оваа програма важат и за сите населени места во општината за кои има урбанистичка документација за населено места и усвоено општи акти.

Населени места за кои има урбанистичка документација :

- с. Конопница ;
- с. Моњдивњак ;
- с. Градец.

Во овие населени места средствата за уредување на градежно земјиште ќе изнесуваат **300 ден/м2**, а за деловен простор **500 ден/м2**.

Населени места за кои има усвоено општи акти:

с.Мартиница, с. Дурачка Река, с.Станци, с.Варовиште, с. Кркља, с. Жидилово, с. Узем, с.Трново, с. Луке, с. Подржикоњ, с. Дубровница, с. Киселица, с. Осиче, с. Дрење, с. Градец, с. Метежево, с. Огут, с. Нерав, с. Тлминци, с. Длабочица, с. Борово,делнас.Мождивњакс.Кошари,с.Лозановс.Габар,с.Г.Црцорија.с.М.Црцорија,делнас.Конопница, с. Костур,с.Баштево,с.Крстов Дол и др.

**I- ва зона**

- Село Тлминици,с. Дрење, село Варовиште, село Трново (Самоков), с.Кркља с. Жидилово, село Узем по 250 м. лево и десно од магистралниот пат М-2,потоа с. Киселица,с. Дрење,с. Дубровница, с. Крстов дол,с. Осиче,с. Габер, с. Градец, с.Метежево, с. Огут, с. Подржи Коњ и др. 250 м лево и десно од Регионален пат,

-потоа ширина 150м. лево и десно од асвалтираните локални патишта с. Кошари,с. Дурачка Река ,с. Станци,с. Дреење, с. Подржи коњ,с. Луке,с. Мала Црцорија,с. Г. Црцорија,с. Градец,с. Лозаново с. Нерав, с. Варовиште,с. Кркља,с. Узем,с.Трново,с. Киселица, с.Осиче и др.

**II. зона**

Сите преостанати населени места за кои има донесено општи акти и деловите од населените места кои што не се опфатени со прва зона.

Средствата кои што треба да бидат уплатени за нето изградена површина станбен простор се:

I . ва зона ............................................................................. 150,00 ден.
I I. ра зона ............................................................................. 100,00 ден
Средствата кои што треба да бидат уплатени за нето изградена површина деловен простор се:
I. ва зона................................................................................ 200,00 ден.
II. ра зона............................................................................... 150,00 ден

Средствата што ќе бидат уберени ќе бидат наменски искористени за изградба
на основната комунална инфраструктура во населените места.

**8. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

I. За изработка на детални урбанистички планови... **2.000.000,00**

**ВКУПНО: 2.000.000.00 денари**

**II. Изработка на техничка документација**

1. Техничка документација за канализација.......... 200.000,00
2. Техничка документација за водоснабдување..... 500.000,00
3. Техничка документација за улици...................... 300.000,00
4. Техничка документација за потпорни зидови..... 80.000,00
5. Техничка документација за регулација на долови и буици ............................................................ 180.000,00
6. Техничка документација за регулација на Дурачка река ........................................................ 400.000,00
7. Техничка документација за атмосверска канализација ................................................................. 370.000,00
8. Техничка документација за спортски објекти ....... 280.000,00
9. Техничка документација за брана на Станечка Река ...
10. Техничка документација за хидроцентрала на Киселичка Река................................................ **предвидени средства со**
11. Техничка документација за брана на Селска Река Кнопница.......................................................................... **развојни програми за период 2010-2012 г.**
12. Техничка документација за изградба на 9 Минихидроелектрани на постојните водоводни системи Калин Камен -Крива Паланка и село Станци -Крива Паланка................................................

**Вкупно: 2.310.000,00 денари**

**III. Изградба на улици:**

1. Асфалтирање на улици........................................... 9.500.000,00
2. Поплочување на улици со камена коцка и камени плочи .................................................................... 1.500.000,00
3. Тампонирање на улици......................................... 500.000,00

4. Други градежни активности на улици................. 1.000.000,00

**Вкупно: 12.500.000,00**

IV.Уредување на градско зеленило.............................. 80.000,00
V.Изградба на потпорни зидови.................................... 1.020.000,00
VI.Изградба на водоводна мрежа ................................ 1.000.000,00
VII.Трошоци за изградба и реконструкција на електрична мрежа....... ........................................................... 100.000,00
VIII.Трошоци за одржување на улици и водотеци 300.000,00
IX.Изградба на канализациона мрежа ...........................3.900.000,00
X. Трошоци за експропијација на земјиште .............. 1.500.000,00
XI. Изградба на регулација на долови и буици .......... 6.200.000,00
XII Изградба на регулација на Дурачка Река ................. 2.000.000,00
XIII Изградба на тениски игралишта бр. 2 и забавни детски игралишта ............. 9.300.000,00

**ВКУПНО: 25.400.000,00**

**Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А**

**I. За изработка на урбанистички планови ................2.000.000,00**
**I I. Изработка на техничка документација .................. 2.310.000,00**
**I I I. Изградба на улици .................................................. 12.500.000,00**
**IV – XIII.............................................................................. 25.400.000,00**

**Вкупно 42.210.000,00 денари**

Средствата за уредување на градежното земјиште се приходи на Општина Крива Паланка и се уплатуваат на Трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 138 06511 и приходна шифра 717137 НБ на РМ.

**1. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи пред се од два фактора.

Првиот фактор е што Општина Крива Планка е ридско-планинско подрачје со умерено континентална клима и е пропратена со доста долги зими така да најповолен период за реализација на Програмата е периодот месец април - месец октомври.

Вториот фактор е што убирањето на средствата има нерамномерно темпо и динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на финансиските средства.

Кога заради уредување на градежно земјиште е потребно да се постави инфрастсруктура на туѓо земјиште или друга недвижност Општината Крива Паланка со Решение воспоставува односи на присилна комунална службеност заради изградба и поставување на објектот.

Работите за уредување на градежното земјиште ќе ги врши Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура.

Надзор на градежните активности ќе врши стручно лице определено од Градоначалникот на Општината.

Градоначалникот може да склучи договор со стручно лице да врши надзор над изградбата на објектите во висина максимум до 1% од вредноста на инвестициите.

**Бр. 07- 4129/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**04.12.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

Врз основа на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.82/08) и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Службен весник на РМ" бр. 80/01) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата, одржана на 04.12.2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

***За изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2010 година***

Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2010 година суштински ќе се разликува од Програмата за 2009 година, поради тоа што градежните активности на локалната патна мрежа во 2010 ќе бидат поголеми бидејќи веќе се обезбедени средства за реконструкција и рехабилитација на патниот правец Крива Паланка - с. Станци во износ од 35.500.000,00 денари,потоа општината Крива Паланка планира и има услови да обезбеди финансиски средства за вршење наградежни активности и на други локалнипатни правци за кои има техничка документација, а градежните активности на локалната патна мрежа во 2009 година се одвиваа на дел од патниот правец Крива Паланка - с. Дренак поточно на локалитет Дурачка Река в.м.Стојанкино се изгради дел од патот со модернизиран коловоз од асвалт во должина од 2,50 км. **Средства од ЕУ-Програма за добрососедство финансирана од ЕАР во износ од 15.600.000,00ден. и сопствено учествосо со финансиски средства на општина Крива Паланка во износ 1.500.000,00 ден.**
, потоа се вршеа поправки и одржување на локалната патна мрежа која е со земјан коловоз и тоа во с. Жидилово, с. Осиче, с. Метежево с. Подржикоњ, ,с. Луке, насипување и поправка на локален пат од земјан коловоз во с. Трново, пробивање на дел од локален патен правец во должина од 2,00 км.сКиселица(школо в.м. Вели врв) -с. Мала Црцорија , потоа се изврши насипување со слој од шљунковит-песковит материјал и ископ на канавки за одвод на атмосверската вода на патен правец М-2 - с. Длабочица ,се изврши проширување на патот Крива Паланка - с. Дурачка Река и др.

Прграмите во изминатите години беа многу обемни и несразмерни со финансиските средства кои што Општината ги обезбедуваше за оваа намена, па поради новата поставеност на Локалната самоуправа како во делот на финансирањето и убирањето на финансиските средства, при што прецизно се бара точно да се утврдат реалните средства кои што можат да се уберат во Буџетот на Општината за оваа намена и трезорското работење кое што не трпи никакви отстапки од предвидениот Буџет за наредната година.

Од досегашните искуства во реализирањето на Програмите како средства кои со сигурност можат да се планираат во Програмата се средствата што ги добиваме од Државната Агенција за магистрални и регионални патишта
на Република Македонија , од која што вкупна сума 50% е наменета за локалната патна мрежа во градот Крива Паланка .
Исто така Општината Крива Паланка аплицираше со 5 проекти до Министерството за локална самоуправа, Државната Агенција за магистрални и регионални патишта ,Министерство за транспорт и врски и др. при што прифатен е еден проект за Рехабилитација и реконструкција на патниот правец Крива Палнка (Маневски мост на Дурачка Река) - с.Станци во должина од 5,00 км. при што се

одобрени финансиски средства за реализација проектот во износ од 35.500.000,00 денари

Преостанатите средства кои што ќе бидат составен дел на оваа Програма средства одвоени од Општината, средства од донации од разни фондации, како и средства уберени од месното население се релативно несигурни и за овие средства може да се зборува само со приближна точност.

**П Р И Х О Д И:**

**1. Средства од Државната Агенција за магистрални и регионални патишта и се одобрени средства во износ од ____________________________________35.500.000,00**
**2. Средства од Биро за стопанско-недоволно развиени подрачја ________3.000.000,00**
**3. Средства од Државната Агенција за патиштан а РМ**
**се планира со готов Проект е аплицирано и се очекува износ од ___ 25.300.000,00**
**4. Средства од месно население (месен самодопринос)________________ 200.000,00**
**5. Средства од Општина Крива Паланка ___________________________ 2.600.000,00**
**6. Средства од ЕУ-Програма за добрososедство финансирана од**
**ЕАР-аплицирано со Проект и се во очекување во износ од _______ 14.186.793,00**
**7. Средства од Министерство за транспорт и врски __________________ 10.000.000,00**
**8. Средства од Министерство за локална самоуправа ________________10.000.000,00**

**9. Средства од Државната Агенција за Патишта на РМ ,**
**редовно одобрување за одржување на локална патна мрежа_______ 4.500.000,00?**

______________________________

**В К У П Н О: 105.286.793,00ден.**

**А. Изградба и реконструкција на локални патни правци во Општина Крива Паланка**

1. **Рреконструкција и рехабилитација на локален патен правец - Крива Паланка (маневски мост) до село Станци Л=5,00 км**
2. **Реконструкција и рехабилитација на локален патен правец - Крива Паланка - село Конопница - село Мождивњак - село Борово 7,00км.**

**Б. На следнава патна мрежа - патни правци ќе се изврши дотерување на нивелета, тампонирање, одводнување и асфалтирање со БНХС-16 со Д-7 см и широчина на коловозот од 3,50 м.**

**Б1. Патни правци во ридско-планински, погранични и компактно заостанати подрачја**

1. Доизградба на патен праве с.Варовиште - Калин Камен Л = 2,2 км
2. Патен правец с. Длабочица - с. Баштево Л = 3,0 км
3. Патен правец с. Дурачка Река (Метов) - с.Дренак Л = 2,5 км
4. Изградба и рекинструкција на локален пат село Крклја Л = 3,0 км.
5. Изградба на локален патен правец М-2 -село Длабочица Л = 3,0 км.

**Б2. Патни правци во рурални подрачја**

1. Патен правец с.Конопница (Школо- Црква) Л = 1,0 км
2. Патен правец с.Конопница (Грамаѓе-Спас) Л = 1,5 км.
3. Патен правец с. Конопница (Деловоци-Кула-Црква) Л = 1,5 км.

**В. На следниве патни правци се планира реконструкција, санација, делумно пробивање, одводнување и дотерување на нивелета**

1. Патен правец Арбанашки Дол - с.Жидилово Л = 2,0 км
2. Патен правец Манастир - споменик во с. Кркља Л = 2,0 км
3. с..Градец - (Крстата падина), Л = 1.0 km
4. Пробивање на локален пат с.Узем маала (Страовица) Л = 1.2 км
5. Патен правец завршеток на асвалт с.Трново-Караула Коприва Л = 3.0 км
6. Одржување на локалената патна мрежа во Општината

**Г. На следниве патни правци се планира изработка на техничка документација**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Патен правец | М2-Кр.Паланка-с.Конопница - с.Мождивњак-с.Борово | Л = 7,0 км. |
| 2. Патен правец | М2- с.Кркља - до Споменик | Л = 2,0 км |
| 3. Патен правец | с.Жидилово - Гробишта | Л = 1,0 км |
| 4. Патен правец | Белево - с.Конопница | Л = 4,0 км |
| 5. Патен правец | Трнска маала - Боровски пат | Л = 1,0 км |
| 6. Патен правец | с. Киселица према Репетитор | Л = 2,0 км |
| 7. Патен правец | Ловачка куќа - Езеро Калин Камен | Л = 2,0 км |
| 8. Патен правец | Стамболици-Даловодци-Кула с.Конопница | Л = 2,0 км |
| 9. Село Киселица | (Киселичко школо-Вели врв | Л = 2,0 км. |
| 10. Село Луке | (Зли дол-Зло брдо-Чупино брдо) | Л = 2,0 км. |
| 11.М2 - Село Тлминци | | Л = 2,0 км. |
| 12.М2 Село Мартиница | | Л = 2,0 км. |
| 13. Патен правец од с. Дубровница маала Србиновци до ширина | | |
| 14. Патен правец Долни градец (од избирачко место) | | Л = 2,0 км. |
| 15. Патен правец с.Дрење (регионален пат с.Огут до маала Ѓорѓинци. | | |
| 16. Градец-Црква=Петковци-Ггабар | | Л= 4,00 км. |
| 17. Ловачка куќа-МандрабЦарев врв | | Л= 16,00км. |
| 18.Мождивњак -Кучешкипреслап | | Л= 7,00км |
| 19. Варовиште - Кркља Споеник | | Л= 2,00км |
| 20. Нерав- Герман | | Л= 20,00км |
| 21. Дренак-Бари -Кучешки преслап | | Л= 8,00км |
| 22. Конопница -в,м. Крст | | Л= 4.500км |

**Д. Заштита на изградената патна мрежа од узурпација, санација на пропусти и објекти и крпење на дупки.**

Поради разбиениот тип на населбите во Крива Паланка локалната патна мрежа е доста голема. Интензитетот на изградба и реконструкција на патната мрежа во последните неколку години е доста мала и скоро незначителна. Средствата што се издвојуваат за одржување на веќе изградената патна мрежа се минимални така да општа констатција е дека локалната патна мрежа се наоѓа во многу лоша состојба. Доколку во наредниот период не се изнајдат средства за крпење на оштетената коловозна лента добар дел од коловозот нема да биде во функција и уште повеќе ќе го отежне и онака веќе отежнатиот сообраќај.

**Р А С Х О Д И:**

**А. Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патни правци во Општина Крива Паланка ........................................... 80.800.000,00**

**Б1. Патни правци во ридско-планински, погранични и компактно заостанати подрачја....................................... 18.186.793,00**

**Б2. Патни правци во рурални подрачја.......................................... 3.500.000,00**

**В. На следниве патни правци се планира реконструкција,**

**санација, делумно пробивање, одводнување и дотерување на нивелета........................................................................................ 1.200.000,00**

**Г. На следниве патни правци се планира изработка на техничка документација............................................................. 1.500.000,00**

**Д. Заштита на изградената патна мрежа од узурпација, санација на пропусти и објекти и крпење на дупки................. 1. 600.000,00**

**В К У П Н О: 105. 286.793,00**

**Забелешка:**

Програмата за 2010 година во однос на финансиските средства со кои што располага ОпштинатаКрива Паланка и кои што планира да ги добие оваа година и покрај значителната рестрикција во споредба со Програмата за 2009 година, како и во претходните години е обемна, доста голема и нерелна, од причина што сакаме да оставиме поширок маневарски простор на месното население кое и досега се само организираше во собирањето на сопствени средства, во изнаоѓањето на инвеститори и лобирање кај најрачлични институции и фондови за изнаоѓање на начини во остварувањето на своите потреби. Сепак неспорно е дека потребите на месното население се далеку поголеми од можностите и средствата што се на Општината, па поради тоа во наредниот период е неопходна максимална ангажираност на Локалната самоуправа за изнаоѓање на повеќе средства за решавање на проблемите на населението во Општина Крива Паланка од областа на локалната патна мрежа.

**Бр. 07- 4129/11**<br>**0412.2009 год.**<br>**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**<br>**Претседател,**<br>**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**<br>**За прогласување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалнлата патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалнлата патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 9-та седница, одржана на 04.12.2009 година.

2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4129/12**<br>**07.12.2009 год.**<br>**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**<br>**Градоначалник,**<br>**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.82/08) и Правилникот за зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.152/08) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата, одржана на 04.12.2009 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## *За зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка за 2010 година*

Програмата за зимското одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во текот на зимската сезона 2009-2010 година ќе биде прилагодена на климатските и релјефните услови кои што владеат во Општина Крива Паланка. Нашата Општина е ридско-планинско подрачје од разбиен тип на населените места кои се доста оддалечени од самиот град, со умерена континентална клима и со недоволно развиена патна мрежа, посебно асфалтираниот дел. Од тие причини на повеќе патни правци поради острите и тесни кривини не е можно да се врши чистење на патот, а тоа се патните правци Крива Паланка - с. Градец , Манастир - Горно Варовиште кон Калин Камен, Крива Паланка -Дрење- с. Киселица два патни правца во село Подржикоњ и кон селата Голема Црцорија и Мала Црцорија поради што на овие патни правци во услови на пообилни врнежи од снег неопходно е ангажирање на градежна механизација. Поради сето ова погоре наведено за извршување на активностите за зимско одржување се спроведува врз основа на Годишен акционен план кој ги опфати следниве сегменти:

- Организационата поставеност и обврски на овластениот субјект за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта и на другите учесници поврзани со извршување на работите околу отстранувањето на снегот и ледот, односно голомразицата.
- Обем, динамика и функционирање на овластената зимска служба за отстранување на снегот и ледот.
- Сообраќајници со приоритет на отстранување на снегот и голомразицата, како и за посипување и ставање на соодветен абразивен материјал и список на критични точки и витални објекти.
- Број и вид на механички средства, нивна намена, начин и распоред на користење.
- Број и распоред на лица кои учествуваат во извршувањето на работите сврзани со отстранувањето на снегот и ледот.
- Обврска, услуги и средства на други учесници кои се вклучуваат во случај на потреба.
- Места определени за депонирање на собраниот снег и лед.
- Потребни финансиски средства за спроведување на Програмата и сл. Годишниот акционен план за зимско одржување се изготвува најдоцна 45 дена пред почетокот на зимската сезона која трае од 15.11.2009 до 15.03.2010 година.

**ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ**

Одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимскиот период. т. е. нивно расчиствување од снег и лед и поспипување на истите со абразивни материјали го врши Одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура (во понатамошниот текст Одделението).

Општината распишува Оглас (Тендер) за прибирање на понуди за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта.

Општината потпишува договор со избраниот понудувач за цената, начинот, динамиката и времетраењето на одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта.

Доколку на распишаниот оглас (Тендер) двапати не се пријават два или повеќе понудувачи Општината стапува во непосредна спогодба со лицето кое доставило своја понуда и склучува договор за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка.

**ОБЕМ И ДИНАМИКА**

Обемот и динамиката на одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимските услови се опфатени во договорот. Од досегашното искуство има произлезено дека потреба од зимско одржување во Општина Крива Паланка има најмалку 3 месеци во годината и тоа: Декември, Јануари и Февруари со по најмалку 40 ефектни работни часови за еден месец или 120 ефективни работни часа за три месеци. Во случаеви кога зимата започнува порано, а трае до покасно или имаме поинтензивни врнежи од снег во текот на овие 3 месеци со изведувачот на работите се прави посебен договор за вишокот на работните ефективни часови. Доколку ефективните работни часови не бидат искористени во обемот склучен во договорот Општината ќе ги искористи за свои потреби во текот на зимската сезона или по завршувањето на сезоната.

**УЛИЦИ ВО ГРАД КРИВА ПАЛАНКА КОИ ШТО ИМААТ ПОТРЕБА ОД ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ**

1. Пристапи до: Медицински центар, Градинка "Иво Лола Рибар" кај Житни Магацин, Градинка "Иво Лола Рибар" во Центар, Градинка"Иво Лола Рибар" во "Осичка Маала" и сето тоа во должина од Л = 300 м.
2. Улица "8-ми Октомври" до мост во "Маневци" Л = 1650м
3. Улица "17-та Македонска Ударна Бригада", со асфалтирани кракови Л = 490м
4. Улица "Д-р. Наско Тамбурков" - асфалтиран дел Л = 600м
5. Улица "Гоце Делчев" Л = 700м
6. Улица "Херој Карпош и Нас."Лозаново" Л = 1655м
7. Улица "Партизанска"М.Пијаде". Л = 1030м
8. Улица "Никола Тесла" - асфалтиран дел Л = 430м
9. Улица "Борис Кидрич" и "Јане Сандански" Л = 715м
10. Улица "Македонска" и "Димитар Арсов" и "Баглачка" Л = 1230м
11. Улица "Ратко Минев" Л = 930м
12. Улица "Јоаким Крчовски" Л = 520м
13. Улица кон „Саат“ Л = 350м
14. Сите асфалтирани улици во градот
15. Улица „Маршал Тито„ Л = 3.370м
16. Улица „Борис Арсов„ Л = 280 м
17. Улица „Пиринска„кон м.в.Ловачки Дом Л = 210 м
18. Улица „Димитар Влахов„ Л = 250 м

На сите улици во градот кои што не се асфалтирани, а по кои што се одвива сообраќај ќе биде извршен дотур на абразивен материјал (сол и ризла), а посипувањето на абразивниот материјал по улицата ќе го изврши самото месно население.

**ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ**

1. М-2 - с. Конопница (Трнска маала) Л = 8.300,00 м.
2. Маневци - с. Дурачка Река - с.Станци со крак за Дренак до Метов Л = 7.500,00 м.
3. М-2 - с. Узем према с.Костур (асфалтиран дел) Л = 1.000,00 м.
4. Трновска Река - с. Трново (асфалтиран дел) Л = 4.100,00 м.
5. М-2 - Манастир св.Јоаким Осоговски - ГорноВаровште Л= 5.500,00 м.
6. Село Добровница - село Мала Црцорија (асвалтиран дел) и крак до с. Голема Црцорија Л = 5.000,00 м.
7. Село Огут - село Нерав Л = 2.500,00 м.
8. Село Крстов Дол (од Спасенина куќа) - село Луке Л = 6.000,00 м.
9. М-2 с. - Кркља (асвалтиран дел) Лештарци Л = 1.500,00м.
10. Крива Паланка- с.Дрење -с. Киселица асвалтирав дел. Л = 3.500,00м.
11. Од регионален пат на м.в. Китка - с. Подржи Коњ - Зли дол - Мишинска маала (асвалтиран дел) и кон маала Косачи Л = 4.000,00 м.
12. Крива Паланка - с. Градец (асвалтиран дел) Л = 4.100,00 м.
13. Магистрален пат с. Длабочица до завршеток на асвалт Л = 500,00 м.
14. Мезовски ливади - асфалтиран дел
15. Станечка кривина - крак Метов село Дренак Л = 3.000,00 м.

**БРОЈ И ВИД НА МЕХАНИЧКИ СРЕДСТВА**

Според должината на локалната патна мрежа и улиците во градот, како и косината (аголот) на улиците во градот зимското одржување на истите ќе биде извршено со еден камион опремен со нож за чистење на снегот и ледот и соларка за посипување со абразивни материјал. Каминот може да биде од различна марка (тип), но мора да има дупли пренос. Воедно е потребно да има резервен камион исто така со дупли пренос во случај на дефект на еден од камионите.Во случај на побилни врнежи се ангажира и дополнителна механизација.

**БРОЈ И РАСПОРЕД НА ЛИЦА**

Како придружба на камионот ќе биде ангажирано едно лице, а по потреба и уште едно лице во случај кога имаме невреме и многу ниски температури. Дополнителни лица ќе бидат вклучени ако за тоа има потреба и тоа за отстранување на снегот, ледот од тротоарите и улиците и утовар на истиот во камион или трактор и транспорт до градската депонија или друго место за депонирање кое накнадно ќе биде определено.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на индивидуалнит станбени згради и влезовите на колективните станбени згради се должност на станарите од тие објекти.

Чистењето на тротоарите пред влезовите на деловните објекти и работни организации се обврска и должност на сопствениците на тие објекти.

Абразивните материјали за посипување ќе бидат набавувани и складирани во соработка изберениот изведувач затоа што Општината сеуште нема обезбедено простор за складирање на абразивните материјали.

**ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Од досегашното искуство за реализацијата на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта потребни се средства во

висина од 1.524.800,00 денари, кои што ќе бидат обезбедени од Фондот за магистрални и регионални патишта и од Буџетот на Општината.

**Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А**

**Приходи:**

1. Агенција за магистрални и регионални патишта........ **1.324.800,00 ден.**
2. Буџет на Општина Крива Паланлка ................................. **200.000,00**

**Вкупно: 1.524.800,00 ден.**

**Расходи:**

1. Ангажирање на камион со плуг 3 м х 40 ч/м= 3 х 295.000,00 = 885.000,00 д.
2. Абразивни материјали (сол и ризла).....................................................50 т х 7.700,00 = 385.000,00 д.
3. Ангажирање на градежна механизација доколку има потреба при обилни врнежи............................. =150.000,00 д..
4. Ангажирање на работници доколку има потреба ................................ .................................... =100.000,00 д.
5. За 1 ефективен работен час ......................................... = 4.800,00 д.

**Вкупно:1.524.800,00 д.**

**Бр. 07- 4129/15**
**04.12.2009 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патиште во Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 9-та седница, одржана на 04.12.2009 година.

2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4129/16**
**07.12.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.82/08) и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 80/01) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка(ІСлужбен гласник на Општина Крива Паланкав бр.7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 04.12.2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

***За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2010 година***

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општината за 2010 година се предвидуваат следните активности:

**А. Изработка на техничка документација;**

**Б. Изградба на јавно осветлување;**

**В. Реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување на град Крива Паланка;**

**Г. Доврштување на јавното осветлување – поставување на дополнителен број на светилки; и**

**Д. Тековно одржување на јавното осветлување и реконструкција на мерниот систем за јавно осветлување.**

**А. Изработка на техничка документација**

Во 2010 година за изградба и реконструкција на системот за јавно осветлување ќе се изготви следната техничка документација:

1.Изработка на проект за реконструкција на постојниот инсталаиран систем за јавно осветлување на град Крива Паланка; и

2.Изработка на проекти за изградба на јавно осветлување на следните локации:

- Осички мост – Мотел „Македонија“ – (стар пат);
- Централно подрачје – плоштад Крива Паланка и нов крак – Ул.„Маршал Тито“ ;
- од поранешна Ф-ка „Карпош“ – клучка кај технички преглед;
- клучка кај Технички преглед – место викано Тополки.

**Б. Изградба на јавно осветлување**

Изградба на јавно осветлување во 2010 година ќе се изврши на следните локации:

- Осички мост – Мотел „Македонија“ – (стар пат);

- Централно подрачје – плоштад Крива Паланка и нов крак – Ул.„Маршал Тито“ ;
- од поранешна Ф-ка „Карпош“ – клучка кај технички преглед.

За реализација на овие проекти во 2010 година ќе бидат инвестирани 3.000.000,00 денари.

**В. Реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување на град Крива Паланка**

Во 2010 година ќе се отпочне со реконструкција на постојниот систем за јавно осветлување на град Крива Паланка со замена на постојниот тип на светилки кои се со живини сијалици со поставување на нов тип на светилки со натриумови сијалици.

Со реализација на овој проект ќе се добие поквалитетно осветлување на градот, помала потрошувачка на електрична енергија и со поголемо време на траење.

За реализација на овој проект во 2010 година ќе бидат инвестирани 3.000.00,00 денари.

**Г. Довршување на јавното осветлување – поставување на дополнителен број на светилки**

За доврршување на веќе постојниот систем на јавно осветлување со поставување на дополнителен број на светилки, електрични столбови и проводник ќе бидат потребни 500.000,00 денари, а ќе има активности на:

- Улица „8-ми Септември“;
- Улица „Ристена Гогова“;
- Населба „Домачки Дол“;
- Улица „Ратко Минев“;
- Населба „Лозаново“;
- Населба„Бегови Бавчи “;
- Улица „Калилн Камен“;
- Улица „Осоговска“;
- Улица „Вера Јоциќ“;
- Населба „Скрљава“,
- Населба „Цонев Рид“
- Населба „Белево“
- Ул „Коце Металец“;
- С. Дурачка Река;
- С. Станци;
- С. Конопница;
- С. Мождивњак;

- С. Тлминци;
- С. Узем;

- и други населени места каде има потреба и можности за поставување на светилки.

**Д. Тековно одржување на јавното осветлување и реконструкција на мерниот систем за јавно осветлување**

Во текот на 2010 година покрај тековното одржување на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување ќе се изврши и одвојување на мерните системи во трафостаниците со цел да се осамостали системот за јавно осветлување а со тоа ќе се створат подобри услови за поефикасно одржување.

Се планира и поставување на нови мерни системи за јавното осветлување со цел да се изврши приклучување на исталираните светилки на системот за мерење на потрошувачка на електрична енергија и тоа:

- село Մождивњак – маала Антовци;
- село Добровница – централно подрачје;
- село Луке – централно подрачје; и
- село Тлминци.

За тековно одржување на постојниот инсталилран систем за јавно осветлување и набавка на резервни делови и материјали, одволување на мерните системи во трафостаниците и инсталирање на нови мерни системи ќе бидат потребни 1.000.000.00 денари.

**ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА - РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

| | |
|---|---|
| 1. Приходи од наплата на такса за јавно осветлување............ | **8.300.000,00** |
| 2. Кредит од светска банка ....................................................... | **5.000.000,00** |
| **Вккупно:** | **13.300.000,00** |

**РАСХОДИ**

| | |
|---|---|
| 1. Потрошена електрична енергија за јавно осветлување...... | **4.800.000,00** |
| 2. Тековно одржување и реконструкција на мерниот систем за јавно осветлулвање......................................................... | **1.000.000,00** |
| 3. Довршување на јавно осветлување-поставување на дополнителен број на светилки ............................................. | **500.000,00** |
| 4. Изработка на техничка документација ............................. | **1.000.000,00** |
| 5. Изградба на јавно осветлување .......................................... | **3.000.000,00** |

6. Реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување на град Крива Паланка.................. **3.000.000,00**

**Вкупно: 13.300.000,00**

Контрола на спроведувањето на Програмата по однос на динамиката и наменсото користење на средствата ќе врши Општина Крива Паланка.

**Бр. 07 -4129/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлулвање во Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 9-та седница, одржана на 04.12.2009 година.
2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4129/18** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.82/08) и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 80/01) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата, одржана на 04.12.2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во Општината Крива Паланка за 2010 година**

Од 2006 година Општината започна со изготвување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во

Општината,од причини што во претходните години Општината не располагаше со сопствени финансиски средства со кои би ја градела локалната водоводна мрежа.

Ваквата состојба допринесуваше да локалната водоводна мрежа биде градена на следниот начин:

- Обезбедување на финансиски средства од реални нивоа на државната власт, министерства и фондови потпомогнати со учество на локалното население (самите корисници), а Општината помагаше во добивање на неопходните одобренија и согласности;
- Обезбедување на финансиски средства од разни меѓународни фондови и донаторски организации заедно со средства на локалното население, како и крајни корисници, Општината повторно помагаше само во изготвување на техничката документација и добивање на неопходните одобренија и согласности;

На овој начин изградени се голем број на водоводни системи во Општината и во населените места во Општината, со што сме на пат да се реши проблемот со водоснабдувањто на градот и на населените места во Општината.

Ваквиот начин на градба сепак не го решава крајниот проблем со водоснабдувањето во населените места бидејќи водоводите не се целосно завршени, односно не се поставени водомери, не е обезбедена контрола на потрошувачката, квалитетот на водата, а особено не се ставени во рамноправна положба сите корисници, бидејќи тие што се на пониски нивоа имаат премногу вода, а оние кои се на повисоки нивоа воопште немаат вода. Во вака изградените водоводи иако Општината има вложено значителни финансиски средства истите се оставени на стопанисување и одржување на месните заедници т.е. на самите корисници.

Месните пак заедници онакви какви што се крајно неорганизирани не можат да изнајдат средства за одржување на квалитетот на водата, како и за тековно одржување на водоводите, истите иако се изградени во поново време се оставени на забот на времето пропаѓаат многу бргу и под голем знак прашалник е и квалитетот на водата за пиење.

Поучени од ваквото лошо искуство од минатото и најновиот изграден водовод во Конопница маала Трнци и Дедомаџова маала, веднаш по изградбата преземени се сите неопходни мерки и истиот е преотстапен на стопанисување и одржување на ЈП „Комуналец“ од Крива Паланка , потоа изградениот водоводен систем во должина од 2,6 км. во с. Дурачка Река маалите Метоф и др., а на водоводниот систем во село Варовиште ќе се направи реконструкција при што и двата водоводи ќе се преостапат на стопанисување и одржување на ЈП „Комуналец“ од Крива Паланка .

Корисниците се должни да си платат приклучок кон водоводната мрежа, да изградат регуларни шахти со водомери и да си ги плаќаат редовно сметките за потрошената вода.

ЈП „Комуналец“ е должен редовно да го контролира квалитетот на водата, да испорачува квалитетна вода и да ги одржува водоводните системи во исправна состојба.

Сите овие активности во врска со водоводните системи беа предвидени и реализирани со Програмите за 2008 и 2009 година .

Затоа Општината во наредната 2010 година треба да се сконцентрира на разрешување на проблемите во врска со ставање на повеќе локални водоводи во кои има вложувано и сопствени средства или средствата кои се обезбедени од донација, а се обезбедени со ангажирање на Општината.

И покрај одреден отпор на месните заедници, режиските одбори и од самото население ваквата постапка на доведување во исправна состојба на сите селски водоводи од кои што се обезбедуваат со вода за пиење повеќе од пет домаќинства мора да продолжи во наредните години во сите населени места во Општината во кои функционираат заеднички водоводи, бидејќи според законската регулатива неопходно е истите да бидат во исправна состојба и потребно е да се преостапат на одредена институција или претпријатие на нивно стопанисување и одржување .

Преземањето на сите поголеми селски водоводни системи од страна на Општината и нивно преотстапување на стопанисување и одржување на ЈП-„Комуналец“ ќе наиде на отпор од месното население, но истата постапка мора да продолжи за доброто на самото месно население т.е самите корисници.

Само на таков начин водоводите можат да се спасат од нивно ринуирање и пропаѓање, да се има контрола на потрошувачката на вода со што ќе се задоволат потребите на сите корисници и само на тој начин ќе имаме контролирана исправна и здрава вода за пиење.

Водата е природно богатство кое мора да се цени и чува, особено во услови кога светот се повеќе и повеќе се соочува со недостиг со здрава и квалитетна вода за пиење.

Цената и жртвата што треба да се даде за да се постигне тоа никогаш нема да биде поголема од тоа да се има контролирана и квалитетна вода за пиење односно да се има доволно вода за секого.

Во делот на водоснабдувањето на градот во наредната година главен акцент ќе се даде на следните активности:

1. Изнаоѓање на финансиски средства за замена - реконструкција и на преостанатиот дел на водоводниот систем во Крива Паланка изграден од азбестни водоводни цевки со полиетиленски водоводни цевки во град Крива Паланка ,при што ќ се постигне целта, односно ќе се снабди населението што живее во град Крива Паланка со чиста и здрава вода за пиење.
2. Отстранување на сите дефекти на најново изградениот водовод во Варовиште доведување на негова потполна исправност со изградба на шахти, поставување на водомери и негово преотстапување на стопанисување и одржување од страна на ЈП „Комуналец“.

3. Отстранување на сите дефекти на поново изградените водоводи во с. Конопница од захватите во селска река и водоводот Балабаница - Вирови - Грамаѓе доведување на истите во потполна исправност со изградба на шахти, поставување на водомери и нивно преотстапување на стопанисување и одржување од страна на ЈП„Комуналец“
4. Село Конопница има изградено повеќе водоводни системи, но истите се во многу лоша состојба, иако с. Конопница има многу природна изворска вода поголем дел од населението поради неконтролираната потрошувачка на водата посебно во летниот период населението е без вода за пиење, а и квалитетот на водата е под голем знак прашање.
5. Изнаоѓање на финансиски средства за изградба на водовод за дел од село Кркља за што постои техничка документација на ниво на Основен проект финансиран од самите корисници.
6. Изнаоѓање на финансиски средства за изградба на водовод за дел од село Дрење за што постои техничка документација на ниво на Основен проект финансиран од самите корисници.
7. Изнаоѓање на финансиски средства за хидрогеолошки истражувања на подземните води на реонот с. Трново - с. Мала Црцорија - с. Голема Црцорија, Киселица, село Дрење и с. Мартиница, затоа што овој реон е најсушниот и нај сиромашен со изворска вода и населението се соочува со голем проблем со снабдување на питка вода за домашна употреба а и за потребите на сточниот фонд кој го одгледуваат.
8. Да се изврши испитување под притисок на транспортниот цевковод од С. Станци до пречистителна станица Крива Паланка,да се реконструира водозахватот на Станечка Река ,да се доопреми со дел на опрема објектот пречистителна станица во крива Паланка и да се пушти во употреба водоводниот систем при што ќе се снабди населението што живее во Крива Паланка и населението пошироко со чиста и здрава вода за пиење.
9. Изнаоѓање на финансиски средства за изградба на водоводниот систем за високата зона на левата страна од градот за населбите ІГоце Делчевв,населба „Илинденска“ и населба „Цонев Рид“ со што целосно ќе се заокружи системот за водоснабдување на градот Крива Паланка и приградските населби за наредните минимум 30 години.
10. Изнаоѓање на финансиски средства за изградба на водовод за питтка вода за маалите Просаарци, Камењарци и Мачорци во с. Луке.
11. Отстранување на сите недостатоци - доведување во исправна состојба на порано изградени локални водоводни системи во Општина Крива Паланкла кои снабдуваат вода за пиење на населените места.
12. По отстранувањето на сите недостатоци на изградените водоводни системи во Општината Крива Паланка истите да се преземат и предадат на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка на понатамошно одржување.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

**1. Министерство за транспорт и врски...................... 9.000.000,00**

**2. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство........................................................ 6.000.000,00**
**3. Донации од амбасади на европски Дражави......... 20.700.000,00**
**4. Учество на ЈП „Комуналец“...................................... 1.000.000,00**
**5. Влада на РМ................................................................. 5. 000.000,00**

**ВКУПНО. 41.700.000,00**

**Р А С Х О Д И:**

**1.Замена на азбестно водоводната мрежа со полиетиленски водоводни цевки за град Крива Паланка..................................................................... 9.000.000,00**
**2. Санација на постојни водоводи кои ќе бидат превземени од Општината.............................. 1.500.000,00**
**3. Изградба на водовод во село „Дрење“......... 2.300.000,00**
**4. Изградба на водовод во село „Кркља“............ 4.300.000,00**
**5. Изградба на водоводен систем висока зона лев брег............................................................ 22.000.000,00**
**6. Хидрогеолошки истражувања на подземните води во реонот с. Трново - м. Црцорија - Г Црцорија**
**7. Изградба на водовод во с. Луке-м. Просарци, Каменьарци и Мачорци ............................................... 2.600.000,00**

**ВКУПНО: 41.700.000,00**

**Бр. 07-4129/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**04.12.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 9-та седница, одржана на 04.12.2009 година.

2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4129/14** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.12.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ„ бр. 111/08) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, (IСлужбен гласник на Општина Крива Паланкав бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 04.12.2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За одржување на јавна чистота во град Крива Паланка**
**за 2010 година**

**Вовед**

Донесувањето на оваа годишна програма за одржување на јавната чистота претставува законска обврска произлезена од членот 12 од Законот за Јавна чистота („ Службен весник на РМв бр. 111/08). и член 7 од Одлуката за одржување на јавна чистота (IСлужбен гласник на Општина Крива Паланкав бр. 10/08).

Годишната програма за јавна чистота содржи : вид и обем на работитешто кои треба да се извршат ,потребни финансиски средства ,временски рокови односно периоди за извршување на работите,динамика и начин на вршење на работите .

Исто така Програмата во себе содржии обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во градот претставува отстранување на причините кои ја влошуваат животната и работната средина на луѓето.

Редовното и целосно чистење на јавните површини во градот заедно со добро уредени паркови, зелени површини ,чисти речни регулациони корита и дрвореди по улиците ја подобруваат животната и работната средина на граѓаните, и секако допринесуваат за подобрување на естетскиот лик на градот.

Успешноста во справувањето и одржувањето на јавната чистота на јавните површини зависи од степенот на загадувањето на истите, од видот на улиците ( асфалт, коцка, калдрма, земја и сл. ) од моментните пречки при чистење на истите ,потоа од од фрекфенцијата на сообраќајот, од организацијата и опременоста со технички средства при чистењето ,од бројот на вработените кои ја извршуваат оваа работа и секако од културното ниво на граѓаните.

Состојбата со јавните површини во Крива Паланка е таква што истите тешко се одржуваат и чистат. Пред се овде се мисли на главната улица „Маршал Тито„ која е главна сообраќајница за локален сообраќај, за пешаци, товарен добиток а која во централниот дел е изработена од гранитна коцка која тешко се чисти и одржува . Најголем дел од

улиците немаат хидрантска мрежа која би служела за поекономично миење и прскање на улиците особено во летниот период.

Главната па и споредните асфалтни улици се нагрдуваат со отпадоци што секојдневно ги фрлаат граѓаните поради ниската еколошка свест и култура меѓу тоа и поради недостаток на соодветни садови за отпадоци и јавни тоалети.

При појава на изобилни врнежи поради конфигурацијата на теренот се таложат наноси од песок по улиците, понатаму возилата кои доаѓаат од неасфалтирани улици исто така вршат нарушување на улиците со нанесување на кал и земја .

Оваа се само дел од причините кои обврзуваат да се донесе програмата за одржување на јавната чистота , а се со цел и задача подобрување на јавната чистота во градот .

Годишната пгограма за јавна чистота за 2009 година опфаќа неколку ниво на работи и тоа :

- **Метење на јавни површини;**
- **Миење ( рачно перење и прскање ) на јавни површини;**
- **Зимско одржавање на приоритетни отворени јавни површини;**
- **Одржување на зелени површини ,паркови ,скверови и дрвореди;**
- **Одржување на речни регулациони корита ;**
- **Чистење на наноси на јавни површини**
- **Изградба и уредување на јавни санитарни јазли**
- **Поставување и одржување на соодветни садови за отпад на јавни површини;**

Годишната програма за одржување на јавната чистота за 2009 година согласно членот 7 став 1 од Законот за Јавна чистота ( „ Службен весник на РМ бр. 111 од 3 септември 2008 година ќе го врши јавно претпријатие за комунални услуги **ЈП. Комуналец** основано од Општината Крива Паланка .

Во случај на неквалитетно вршење на работите согласно членот 7 став 2 од Законот за Јавна чистота ( „ Службен весник на РМ бр. 111 /2008 , Општината може со Одлука на Советот на општината горе наведените работи да ги отстапи на извршување на правно лице регистрирано за вршење на овие работи ,согласно со закон.

Правата и обврските меѓу Општината Крива Паланка и јавното претпријатие за комунални услуги согласно член 8 од Законот за јавна чистота се уредуваат со посебен Договор кој содржи :

- вид и обем на работите - ( реализација на Програмата )
- начин и рок нап плаќање за извршување на работите;
- гаранција за исполнување на обврските од договорот и друго.

Јавното комунално претпријатие или друго правно лице регистрирано за вршење на работите од Програмата должно е на крајот од годината да поднесе Извештај за реализација на Програмата пред Советот на Општината .

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП.. КОМУНАЛЕЦ в ЗА 2010 ГОДИНА

### А. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

#### А.1 Метење на јавни површини секој работен ден ( Прва зона )

| Ред. Број | Име на улица | Ширина во м | | м | м | м² |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тротоар | коловоз | вкупна ширина | вкупна должина | вкупна површина |
| 1. | Улица **. Маршал Тито- со тротоарите** на потег од ( Осички мост до касарна **)** | 2 X 1,50 | 7.0 | 10.0 | 3.000 | **30.000** |
| 2. | **Плоштад и парк** | / | / | / | / | **2350** |
| 3. | **Паркиралишта :** | | | | | **3180** |
| | пред пензионерски дом | / | / | 4.0 | 20.0 | 500 |
| | спроти рест. Балкан | / | / | 3.50 | 15.0 | 190 |
| | покрај Дом на култура | / | / | / | / | 1050 |
| | просторот меѓу Партизан и Општина | / | / | / | / | 300 |
| | зад стара месара | / | / | / | / | 350 |
| | На влез во автобуска станица | / | / | | | 790 |
| 4. | **Мостови** | / | / | | | **1641** |
| | - Соларски мост | / | / | 9.0 | 24.0 | 216 |
| | - Осички мост | / | / | 10.0 | 35.0 | 350 |
| | - Градечки мост | / | / | 8.0 | 35.0 | 280 |
| | - Голем мост | / | / | 10.0 | 35.0 | 350 |
| | - Мост зад Дом на Култура | / | / | 7.0 | 12.0 | 90 |
| | - мост пред Далфис | / | / | 10.0 | 10.0 | 110 |
| | - Виолетов мост | / | / | 7.0 | 35.0 | 245 |
| | **Вкупно:** | | | | | **37171** |

**Пресметка : 37171 м2 х 43 ден/ м2 /год.= 1.598.353 ден.**

#### А.2 Метење на јавни површини два пати во месецот ( на две недели )- Втора зона

| Ред Бр. | Име на улица | Ширина во метри | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | тротоар | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | ул. Никола Тесла | 4.0 | / | 4.0 | 157.0 | 628 |
| 2 | ул. Илинденска | / | / | 4.0 | 550.0 | 2200 |
| 3 | ул. Маршал Тито ( крак 2 од Соларски мост до спој со крак 1 ) | 6.0 | 2x 1,5 | 6.0 | 380.0 | 2280 |
| 4 | ул. Јане Сандански | 3.50 | / | 3.50 | 300.0 | 1050 |
| 5 | ул. Прохор Пчински | 3.50 | / | 3.50 | 250.0 | 875 |
| 6 | ул. Борис Кидрич | 3.50 | / | 3.50 | 100.0 | 350 |
| 7 | ул. Партизанска-асфалтиран дел ( Осички мост - Дабо ) | 6.0 | / | 6.0 | 200.0 | 1200 |
| 8 | ул. Херој Карпош | 5.0 | / | 5.0 | 700.0 | 3500 |
| 9 | ул. 8-ми Октомври | 4.50 | / | 4.50 | 1350.0 | 6075 |
| 10. | ул. Моша Пијаде | 4.50 | / | 4.50 | 300.0 | 1350 |
| | Вкупно: | | | | | **19508** |

**Пресметка : 19508 м2 x 3.5 ден/ м2 /год.= 68.278,00 ден.**

## А.3 Метење на јавни површини еден пат во месецот

| Ред Бр. | Име на улица | Ширина во м | | м | м | $м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | Тротоари | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | ул. Македонска | 5.0 | / | 5.0 | 300.0 | 1500 |
| 2 | ул. Димитар Арсов | 4.50 | / | 4.50 | 350.0 | 1575 |
| 3 | Ул. Ратко Минев | 4.0 | / | 4.0 | 200.0 | 800 |
| 4 | ул. 17 МУБ | 6.0 | / | 6.0 | 480.0 | 2880 |
| 5 | ул. 3-та МУБ | 5.0 | / | 5.0 | 90.0 | 450 |
| 6 | ул. Наско Тамбурков | 5.0 | / | 5.0 | 500.0 | 2500 |
| 7 | ул . Димитар Влахов | 4.0 | / | 4.0 | 250.0 | 1000 |
| 8 | ул. Чупино Брдо | 4.0 | / | 4.0 | 150.0 | 600 |
| 9 | ул. Гоце Делчев | 3.0 | / | 3.0 | 500.0 | 1500 |
| 10 | ул. Ул. Борис Арсов | 3.0 | / | 3.0 | 150.0 | 450 |
| 11 | Ул. Единство | 3.50 | / | 3.50 | 500.0 | 1750 |
| 12 | ул. Иво Лола | 3.0 | / | 3.0 | 130.0 | 390 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Рибар | | | | | |
| 13 | ул. Орце Николов | 3.0 | / | 3.0 | 100.0 | 300 |
| 14. | ул. Јоаким Крчовски | 3.0 | / | 3.0 | 500.0 | 1500 |
| 15. | ул. Лозановска | 3.0 | / | 3.0 | 730.0 | 2190 |
| 16. | ул. 11-ти Октомври | 4.0 | / | 4.0 | 200.0 | 800 |
| 17. | ул 8 ми Септември - асфалтиран дел | 5.0 | / | 5.0 | 300.0 | 1500 |
| 18. | Тротоар шеталиште покрај регулација на Кр. Река | 3.0 | / | 3.0 | 3.100 | 9300 |
| | | | | | | |
| Вкупно: | | | | | | **30985** |

**Пресметка : 30985 м2 х 1,7 ден/ м2 /год.= 52.674 ден.**

Вкупно трошоци за метење на јавни површини :

Прва зона 1.598.353
Втора зона 68.278
Треат зона 52.674
**Вкупно : 1.719.305 ден.**

## Б. МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

### Б.1 Миење на јавни површини два пати во месецот

Рачно перење на улици со цистерна
( прва зона - 7 месеци )

| Ред број | Име на улица | Ширина во м | | м | м | $м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | тротоар | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | Улица **. Маршал Тито- со тротоарите** на потег од ( Осички мост до касарна ) | 7,00 | 2 X 1,50 | 10.0 | 3.000 | **30000** |
| 2 | **Плоштад и парк** | / | / | / | / | **2350** |
| 3 | **Паркиралишта** | / | / | / | / | **2180** |
| | пред пензионерски дом | / | / | / | / | 300 |
| | спроти рест. Балкан | / | / | / | / | 190 |
| | околу дом на култура | / | / | / | / | 750 |
| | просторот меѓу | / | / | / | / | 200 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Партизан и Општина | | | | | |
| | зад стара месара | / | / | / | / | 350 |
| | На влез во автобуска станица | | | | | 390 |
| 4. | **Мостови** Сите мостови наведени во позиција А 1 точка 4 | / | / | / | / | 1100 |
| 5. | **Градски Пазар** Вклучувајки го пред просторот ипристапот | / | / | / | / | **1550** |
| Вкупно: | | | | | | **37180** |

**Пресметка : 37180 м2 x 1,1 ден/ м2 /x14 = 572.572 ден.**

**Б.1 Миење на јавни површини еден пат во месецот**

Рачно перење на улици со цистерна

( втора зона - 7 месеци )

| Ред број | Име на улица | Ширина во м | | м | м | $м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | Трот. пеш.п | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | ул. Никола Тесла | 4.0 | / | 4.0 | 157.0 | 628 |
| 2 | ул. Илинденска | / | / | 4.0 | 550.0 | 2200 |
| 3 | ул. Маршал Тито ( крак 2 од Соларски мост до спој со крак 1 ) | 6.0 | 2x 1,5 | 6.0 | 380.0 | 2280 |
| 4 | ул. Јане Сандански | 3.50 | / | 3.50 | 300.0 | 1050 |
| 5 | ул. Прохор Пчински | 3.50 | / | 3.50 | 250.0 | 875 |
| 6 | ул. Борис Кидрич | 3.50 | / | 3.50 | 100.0 | 350 |
| 7 | ул. Партизанска асфалтиран дел ( Осички мост - Дабо ) | 6.0 | / | 6.0 | 200.0 | 1200 |
| 8 | ул. Херој Карпош | 5.0 | / | 5.0 | 700.0 | 3500 |
| 9 | ул. 8-ми Октомври | 4.50 | / | 4.50 | 1350.0 | 6075 |
| 10 | ул. Моша Пијаде | 4.50 | / | 4.50 | 300.0 | 1350 |
| 11 | ул. Македонска | 5.0 | / | 5.0 | 300.0 | 1500 |
| 12 | ул. Димитар Арсов | 4.50 | / | 4.50 | 350.0 | 1575 |
| 13 | ул. Ратко Минев | 4.0 | / | 4.0 | 200.0 | 800 |
| 14. | ул. 17 МУБ | 6.0 | / | 6.0 | 480.0 | 2880 |
| 15. | ул. 3-та МУБ | 5.0 | / | 5.0 | 90.0 | 450 |
| 16. | ул. Наско Тамбурков | 5.0 | / | 5.0 | 500.0 | 2500 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17. | ул . Димитар Влахов | 4.0 | / | 4.0 | 250.0 | 1000 |
| 18 | ул. Чупино Брдо | 4.0 | / | 4.0 | 150.0 | 600 |
| 19 | ул. Гоце Делчев | 3.0 | / | 3.0 | 500.0 | 1500 |
| 20 | Ул. Единство | 3.50 | / | 3.50 | 500.0 | 1750 |
| 21 | ул. Јоаким Крчовски | 3.0 | / | 3.0 | 500.0 | 1500 |
| 22 | ул,, 8 ми Септември - асфалтиран дел | 5.0 | / | 5.0 | 300.0 | 1500 |
| 23. | Тротоар шеталиште покрај регулација на Кр. Река | 3.0 | / | 3.0 | 3.100 | 9300 |
| | | | | | | **46363** |
| | | | | | | |

**Пресметка : : 46363 м2 x 1,1 ден/ м2 /x7 = 356.995 ден.**

Вкупно трошоци за миење на јавни површини :

Прва зона 572.572
Втора зона 356.995
**Вкупно : 929.567ден.**

## **В.** Зимско одржавање на Јавни **- отворени површини**

Зимски период од ( 01. 11 до 01. 04 ) во тековната година или 5 месеци т. е. 22 недели

| Ред број | Име на улица | Ширина во м | | м | м | $м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | коловоз | Тротоар. | Вкупна ширина | Вкупна должина | Вкупна површина |
| 1 | Тротоари на ул. Маршал Тито на потегот од Осички мост до Касарна | / | / | 2 x1.5 3.0 | 2000 | 6000 |
| 2 | Тротоар шеталиште покрај регулација на Крива Река | / | / | 1.5 | 3000 | 4500 |
| 3 | Патека покрај регулација на Дурачка Река од Соларски мост до Дом на култура и центар за социјални | / | / | 2.0 | 350 | 700 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | работи | | | | | |
| 4 | Влез во зелен пазар со скалите | / | / | 2.5 | 50 | 125 |
| 5 | Скали од улица Маршал Тито кон нас. Бегови бавчи | / | / | 5.0<br>2x2.5 | 100<br>2x50 | 500 |
| 6 | Паркиралишта<br>- околу дом на култура<br>- спроти рест. Балкан<br>- мегу Партизан и Општина<br>- стар зелен пазар<br>- пред пензионерски дом | / | / | 4.0 | 750 | 3000 |
| 7 | Плоштади Градски парк | / | / | / | / | 2350 |
| 8. | Градски зелен пазар | / | / | / | / | 1550 |
| 9. | Тротоари на мостови | / | / | / | / | **325** |
| 10. | Патека и скали кон Виолетов мост | | | | | 250 |
| | Вкупно: | | | | | **19300** |

Вкупно трошоци за зимско одржување: **Пресметка : 19300 м2 x 3,9 ден/ м2 / = 75.270 денари - едно чистење на снегот од наведените површини.**

**Во просек во годината има седум пати обилни врнежи од снег со дебелина на снег од над 10 см.**

**Вкупно : 7 x 75.270 =526.890,0 денари**

**Г. ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ( ПАРКОВИ, СКВЕРОВИ, ДРВОРЕДИ)**

Во оперативната реализација на Програмата , работите на одржување на зелените површини ги опфаќаат следниве локации и тоа :

1. Градскиот парк ;
2. Паркот во рамки на Општината ;
3. Паркот спроти Норма ;
4. Просторот околу Дом на АРМ;
5. Дрворедот на Главната улица ;
6. Просторот за одмор покрај Дурачка река ;
7. Просторот испред Кадиска чесма;
8. Паркот испред зградите на Херој Карпош;
9. Просторот зад зградите на улица Маршал Тито ;
10. Паркот на Метролошка ;
11. Скверовите ( косините ) покрај Големиот мост

12. Уредените локации на Калин Камен( Ловачка куќа и Езерце );
13. Улицата од Осички мост до Бабин дол
14. Одржување на жардињери на главна улица

## КАЛЕНДАР

На основни операции и динамика на извршување во текот на 2010 год
( важи за сите наведени локации )

| Ред Бр. | Вид на работни зафати | I | II | III | Iv | v | vI | vII | vIII | Ix | X | XI | XII | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Рачно косење на стари тревници | | | | 1 | | | | | | | | | 1 |
| 2. | Машинско косење | | | | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | 7 |
| 3. | Гребење тревник пред машини, косење и собирање на отпад | | | | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | 7 |
| 4. | Собирање на трева по косење | | | | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | 7 |
| 5. | Изнесување на трева | | | | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | 7 |
| 6. | Рачно утоварување на трева во возило | | | | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | 7 |
| 7. | Рачно полев. со црева ( дрвја , грм. и тре. ) | | | | 1 | 2 | 2 | 4 | 4 | 2 | | | | 15 |
| 8. | чистење трева од лист , утовари трансп. | | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 5 |
| 9. | Садење на садници | | | 1 | 1 | | | | | | | | | 2 |
| 10. | Садење на цвеќе и ѓубрење | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 11. | Прашење на цветни површини | | | | | | 1 | | 1 | | | | | 2 |
| 12. | Кроење на дрвца | | | 1 | 1 | | | | | | | | | 2 |
| 13. | Окопување на дрвја и грмушки | | | | 1 | | 1 | | | | | 1 | | 3 |
| 14. | Окопување на ружи | | | | 1 | | 1 | | 1 | | | 1 | | 4 |
| 15. | Кроење на ружи | | | | 1 | | | | | | | 1 | | 2 |
| 16. | Кроење на грмушки | | | | 1 | | | | | | | 1 | | 2 |
| 17. | Фито и енто заштита на дрвја и грмушки | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 18. | Метење асфалтни патеки | | | | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | | 24 |
| 19. | Чистење на тревник од отпадоци | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 48 |
| 20. | Поливање на дрвја и ружи со цистерна | | | | | 1 | 2 | 2 | 4 | 4 | 2 | | | 15 |
| 21. | Тресење снег од зимзелени илистопадни дрвја и грмушки | 1 | 1 | | | | | | | | | | 1 | 3 |
| 22. | Одржување на жардињери | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | | | 5 |
| 23. | чистење на патеки во парк од снег | 1 | 1 | | | | | | | | | | 1 | 3 |
| 24. | Стругање на плевел по патеки | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | 7 |
| | Вкупно : број на пати | | | | | | | | | | | | | **182** |

Вкупна **Пресметка : 9500 м2 х 19,5 ден/ м2 /год. = 185250,0 ден.**

## Д. ОДРЖУВАЊЕ НА РЕЧНИ РЕГУЛАЦИОНИ КОРИТА

Зелените површини во рамки на регулациите на Крива и Дурачка Река

**КАЛЕНДАР**

на основни операции и динамика на извршување во текот на 2010 год

| Ред Бр. | Вид на работни зафати | I | II | III | Iv | v | vI | vII | vIII | Ix | X | XI | XII | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Собирање на отпадот | 1 | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 1 | 40 |
| 2. | Вадење на врби и друга дрвенеста вегетација | | | 1 | 1 | | | | | | | 1 | | 3 |
| 3. | Рачно и машинско косење на тревата | | | | | | 1 | | | | | | | 1 |
| 4. | Собирање и изнесување на сувата трева | | | | | | 1 | | | | | | | 1 |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Вкупна површина** | 97.500 м2 | | | | | | | | | | | | |

Вкупна **Пресметка : 97500 м2 x 5,9 ден/ м2 /год. = 575250,0 ден.**

## Ѓ. ЧИСТЕЊЕ НА НАНОСИ ОД ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Во оперативната реализација на Програмата , работите на чистење на наносите од јавните сообраќајни површини ги опфаќаат следниве локации и тоа :

1. Приклучок на патот од Цонев рид со Главната улица ;
2. Приклучок на патот од Белево со Главната улица ; ( кај шумско)
3. Приклучок на улица 17 МУБ со Главната улица ;
4. Приклучок на улица Гоце Делчев со Главната улица ;
5. Приклучок на патот од Ловачки со Главната улица ;
6. ул. Моша Пијаде - завршеток
7. ул. Македонска и Херој Карпош и др.

Во досегашното искуство се случуваат по три пролетни и три есенски поројни дождови кои ја зафаќаат нашата Општина , што пак значи дека вкупно 6-7 пати имаме годишно нарушување на јавните површини со наноси.

Мерна единица за исплата на правното лице ќе биде 390 ден./ м3 соберен, утоварен и депониран земјен материал на соодветна лоација

**Вкупен предвиден паушален износ во износ од : 65.000 денари**

**Е. ИЗГРАДБА И УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ**

Во реализацијата на оваа програма се предвидува :

1. Изградба на нов Градски јавен тоалет:
2. Уредување и ставање во функција на тоалетот пред скривницата во хотел Турист;
3. Уредување на тоалетот на Градскиот зелен пазар.

**Вкупен предвиден паушален износ во износ од : 750.000 денари**

**Ж. ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ САДОВИ ЗА ОТПАДОЦИ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ**

Во реализацијата на оваа програма се предвидува :

1. Набавка на нови 30 контејнери со запремнина 1,1 м3 , со што би се извршила целосна замена на старите контејнери во градското подрачје;
